# ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ ЗА ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ НА ОПШТИНИСКА АДМИНИСТРАЦИЈА –ДРЖАВНИ И ЈАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ И НА ИЗБРАНИ ЛИЦА
# ЗА ПЕРИОД ОД 1 ЈАНУАРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ, 2022 ГОДИНА

Февруари, 2023

Заедницата на единиците на локалната самоуправа– ЗЕЛС , во посебен сегмент од своето дејствување кон општините, е посветена на реализација на активности поврзани со градење на капацитети на административните службеници на општините.
Планот за обуки за 2022 година, содржи 13 области и вкупно 33 тематски единици распределени во три оддели, при што во првиот оддел се специјализирани обуки со 11 модули во осум области –урбанизам(2), право(7), човечки ресурси(2), финансии(2), локален економски развој(1), животна средина (4), социјална заштита (2),евроинтеграции иискористување на фондови(1), односи со јавноста (1),политики за родова еднаквост (3) и локален патен сообраќај (1); и (3) три сертифицирани обуки и во третиот именуван „проектини обуки" четири модули.. Во подготовка на Годишниот план за обука 2022 г. учествуваа членовите на мрежи на ЗЕЛС од општинска администрација.

Реализирани се: 6 работилници, 17 обуки, едно советувања, 3 онлајн обуки, 2 учења преку практична примена, еден форум и една конференција на кои биле опфатени 1.500 лица од општинската администрација, општинските совети, други организации. Обуките се одржуваа најчесто како еднодневни во ЗЕЛС Тренинг центарот во Скопје, со што се бележи максимална искористеност во однос на одржување на планирани обуки.

При анализа на реализацијата на активностите за градење на капацитети се забележуваат два предизвика. Едниот се однесува на ангажирање експерти, при што кај обуките каде веќе од трети страни истите се обезедени (на пример кај проектните и сертифицирани обуки), нема проблем во реализација на предвидената динамика за одржување обуки. Таму каде што експертите би требало да се обезбедат, пред сé, од централните државни институции, се бележи застој, дури и неспроведување на планираните тематски модули. Вториот предизвик се однесува на поклопување на тематските модули на ЗЕЛС со оние што во текот на годината за одреден надомест ќе ги испромовира одредена приватна агенција, а со истите предавачи кои подолго време ЗЕЛС бара да ги ангажира. Заради потребата од стекнување знаење во секојдневното работење, општините одвојуваат поголеми суми за обука на своите вработени во приватните тренинг агенции наспроти истата бесплатна услуга што ја нуди ЗЕЛС.

*******

Во прегледот даден во продолжение, нумерички и текстуално се претставени активностите што се спроведени во оваа компонента од работењето на ЗЕЛС во 2022 година, и тоа врз основа на :

**А). Категоријата на лица опфатени со активностите за градење на капацитети , односно наменети за :**

а) Избрани функционери на локално ниво
б) Општинска администрација – административни службеници.

| **Одржани активности за градење капацитети во 2022 година** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Бр** | **Тема** | **Целна група** | **Период/ Место** | **Бр. на учесн ици** | **Вид на активност** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 01 | Стекнување со овластување за водење постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште во државна сопственост | Општинска администрација | ЗЕЛС и Испитен центар на Европски универзитет Скопје (февруари, март, ноември, декември) | 93 | Обука и испит (теорија + пракса) |
| 02 | Воспоставување на дневни центри како услуги за поддршка на семејството и услуги кои се базирани во заедницата | Општинска администрација | Онлајн ЗООМ платформа( јануари 2022) | 6 | обука |
| 03 | Кластери за примена на социјални пристапи (Дневни центри, форум за социјален дијалог и подигнување на свеста во заедницата) | Општинска администрација | 21 декември 2021 – 02 мај 2022 | 3 | Учење преку практична примена на социјални пристапи (компонента на кластерите за учење) |
| 04 | Измени на Законот за даноци на имот | Општинска администрација | Онлајн ЗООМ платформа(2 февруари 2022) | 90 | работилница |
| 05 | Права и обврски за имателите на информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | Секретари/раководители | Онлајн ЗООМ платформа(7 февруари 2022) | 23 | обука |
| 06 | Интегрирање на родовата перспектива во локалните политики | Советници од Општина Пробиштип и дел од општинска администрација | Општина Пробиштип, 17 февруари 2022 | 17 | обука |
| 07 | Низ надлежностите на новоизбраните членови на советите на општините | Општински советници | Онлајн ЗООМ (22-24 февруари 2022) | 291 | обука |
| 08 | Воспоставување на мобилни тимови за испорака на основни социјални услуги до ранливите категории во нивното непосредно опкружување | Општинска администрација | 14 февруари – 14 март 2022 | 3 | Е-курс |
| 09 | Закон за градење | Општинска администрација | Р. Ореов Лад, Скопје 02 март 2022 | 40 | советување |
| 10 | Интегрирање на родовата перспектива во локалните политики | Советници од Општина Чашка и дел од општинска администрација | Општина Чашка, 30 март 2022 | 11 | обука |
| 11 | Инклузивно управување со | Општинска | Онлајн, 22 | 5 | Е- курс |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ризици од катастрофи | администрација | март – 19 април 2022 | | |
| 12 | Улогата на општинскиот совет за социјална заштита во процесот на креирање на локални политики засновани на докази“ | Општинска администрација | ЗЕЛС, 5 и 14 април 2022 | 50 | обука |
| 13 | WoMEN LEAD- Зајакнување на Комисиите за еднакви можносту- законска рамка, права и обврски на комисиите“ | Општински советници | Струга, 6 мај, 2022 | 70 | обука |
| 14 | Како до родово разделени податоци | Општинска администрација | ЗЕЛС, 26 мај 2022 | 19 | обука |
| 15 | Знаење, заштита и вреднување на старите урбани јадра во Северна Македонија и Албанија„ | Општинска администрација | Општина Охрид, 9 мај 2022 | 23 | работилница |
| 16 | Управување со стаклена амбалажа во Западен Балкан | Општинска администрација од 6 општини, претставници од комунални претпријатија, фирми што собираат стакло | ЗЕЛС, 19 мај 2022 | 19 | работилница |
| 17 | Одржливо управување со отпад на локално ниво | Општинска администрација, претставници од МЛС и МЖСПП, претставници од планските региони, СИДА | Охрид, 25 мај 2022 | 25 | работилница |
| 18 | Тематски форум „Промовирање на наоди од социјално мапирање“ | Претставници на општините Битола, Кочани и Струмица, советници, институции, граѓански организации | Битола, Кочани и Струмица 13 април, 27 мај, 30 мај 2022 | 60 | Тематски форум |
| 19 | Закон за инспекциски надзор во животна средина | Мрежа за животна средина на ЗЕЛС | ЗТЦ,Скопје, јуни-септември 2022 | 78 | обука |
| 20 | Регионален настан за размена на кластерите за учење SoRi, Скопје | Општинска администрација | Х. Хилтон, Скопје13-15 јуни 2022 | 9 | работилница |
| 21 | Инвестирање во локални социјални услуги | Општинска администрација | Х.Мериот, Скопје 30 јуни 2022 | 35 | обука |
| 22 | „Промовирање на принципите на демократско управување„ | Општинска администрација | Охрид 19-21 септември и Гевгелија 17-19 октомври 2022 | 47 | обука |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 23 | „Примена на начелата на Архуската конвенција на локално ниво“ | Општинска администрација | ЗЕЛС, 25-28 октомври 2022 | 36 | работилница |
| 24 | „Сертификација на форумски модератори“ | Пријавени на јавен оглас | ЗЕЛС 31 октомври-01 ноември, 2022 | 23 | обука |
| 25 | „Развој на социјални услуги“ | Претставници на општини | Скопје,31 октомври 2022 | 34 | обука |
| 26 | Превенција и заштита на жртвите на родово базирано насилство на локално ниво | Општинска администрација | ЗЕЛС, 15 ноември 2022 | 35 | обука |
| 27 | Закон за управување со отпад, Закон за проширување на одговорностите на производителот за управување со посебни типови на отпад и Закон за управување со пакување и отпад од пакување | Општинска администрација, | ЗЕЛС 25 ноември 2022 | 55 | обука |
| 28 | Управување со отпад од стаклена амбалажа во Западен Балкан | Општинска администрација | ЗЕЛС 29 ноември- 2 декември 2022 | 56 | обука |
| 29 | Закон за управување со води | Мрежа на животна средина на ЗЕЛС | ЗТЦ Скопје, декември 2022 | 42 | обука |
| 30 | Проект за поврзување на локални патишта финансиран од Светска банка | Општинска администрација | 19-23 септември 2022 | 202 | работилница |
| **ВКУПНО** | | | | **1.500** | |